РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
БР 10-2333/2
06. 10. 2025 ГОД
РЕСЕН

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), член 88 од Закон за Општа Управна Постапка („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2015, 65/2018) и член 50 став 1 точка 11 од Закон за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2002), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted], ул. [redacted], поднесено преку [redacted], со број 10-2333/1 од 23.09.2025 година, **Градоначалникот на Општина Ресен** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**Барањето за пристап до информации од јавен карактер** од барателот [redacted], поднесено преку [redacted] заверено под број 10-2333/1 од 23.09.2025 година поднесено до имателот на информацијата Општина Ресен **СЕ УВАЖУВА**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот на информацијата [redacted], поднесено [redacted], преку елекртронската пошта на Општина Ресен поднесе барање информации од јавен карактер на ден 23.09.2025 година заверено под број 10-2333/1 со кое побара преку електронска пошта да му биде доставен електронски запис од следната информација информација за спроведување на мерките на Националната стратегија за млади 2023-2027, донесување на локален фонд/буџет за менструална хигиена во основните и средните училишта (Септември-Декември 2023).

Постапувајќи по барањето на барателот и по извршената проверка на побараните информации, при добиениот одговор од Секторот за финансиски прашања Ве известуваме дека во Буџетот на Општина Ресен за 2025 година не се планирани средства за менструална хигиена во основните и средните училишта.

Врз основа на горенаведеното, а во согласност со член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019), Општина Ресен се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**Градоначалник на Општина Ресен**
**Јован Тозиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
РЕСЕН